Република Македонија
**Министерство за правда**

СЕКТОР ЗА АНАЛИЗА

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 29.08.2018 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг.Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 6849/2 | | |

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Бр. 23-3753/2
Скопје, 23. 08. 2018 год.

Влада на Република Македонија

Министерство за правда

Димитрие Чуповски бр. 9
1000 Скопје,
Република Македонија

Тел. (02) 3116 - 493
Факс. 02) 3116 - 002

Веб-локација: www.pravda.gov.mk

**ДО**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ**

**ПРЕДМЕТ:** Одговор по однос на иницијатива

**ВРСКА:** Допис Ваш број 43-6849/1 од 10.07.2018 година

Почитувани,

По однос на иницијативата доставена од страна на Здружение за заштита на граѓанските права Но Пасаран Скопје, со наслов: „Организирани криминални профитерски шеми“, Ве известуваме за следното:

Согласно Уставот на Република Македонија, член 24, секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор. Граѓанинот не може да биде повикан на одговорност, ниту да трпи штетни последици за ставовите изнесени во претставките, освен во ако со нив сторил кривично дело.

Согласно Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“, бр. 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15), член 41, избрано или именувано лице, како и друго службено лице и одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да го пријави секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата, за кои дознало во вршењето на својата должност.

Во Република Македонија воспоставена е анти-коруцписката правна и институционална рамка и се преземаат активности за зајакнување на капацитетите на постоечките институции со надлежности за борба против организиран криминал и корупција. Во таа борба, парнерството со невладиниот сектор и експертите е добредојдено.

Имајќи ги предвид финансиските потреби на здружението за заштита на граѓанските права за реализирање на оваа

иницијатива, сметаме дека е најдобро Здружението да се обрати до донаторите, заради добивање финансиска поддршка.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
д-р Рената Дескоска

Распореден предмет на 09.08.2018 год.
Изготвил: Елена Димовска, советник / Датум: 09.08.2018 год., 21.08.2018год.
Согласен: Мимоза Киковска Стојменова, државен советник